РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5303/2
31-01-2024 г./v.
(2023/

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99 -та седница, продолжение одржано на ден 30.01.2024 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5303/1 од 13.11.2023 година, со наводи за неправилности при водење на постапка за јавна набавка од страна на договорните органи ООУ -------------------------- --------------------- и ООУ ---------------------------------------------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува од областа, а предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата на РСМ .

Предметот со број 12-5303/1 од 13.11.2023 да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 13.11.2023 година, доставена е пријава/известување, по која е оформен предмет со број 12-5303/1 од 13.11.2023 година, со наводи за неправилности при водење на постапка за јавна набавка од страна на договорните органи ООУ -------------------------- ---------------------- и ООУ ---------------------------------------------- Скопје.

Предметната пријава всушност претставува известување кое подносителот како еден од учесниците на јавната набавка го поднесува поради сомневање за сторени неправилности при водење на постапки за јавни набавки од страна на наведените договорни орган, а имајќи ги предвид законски ингеренции и надлежности на Бирото за јавни набавки, подетално уредени во Законот за јавни набавки. Подносителот на пријавата, бара надзор и контрола од надлежен орган над договорните органи по повод постапките за јавни набавки на топол оброк за учениците за учебните години 2023/2024 година, 2024/2025 година и 2025/2026 година, започнати со огласите Оглас ------------------ година на ден 31.05.2023 година и постапката започната со оглас ---------------- од 28.07.2023 година, сите објавени на ЕСЈН, а по однос на условите поставени од страна на договорниот орган во делот кој се однесува за техничките или професионалните способности за економските оператори. Според подносителот, така поставените услови давале сомнеж за фаворизирање на еден економски оператор а оневозможувале учество на други учесници во постапките односно, со така поставените услови директно бил повреден Законот за јавни набавки од една страна, а од друга страна поставените услови во овие огласи претставувале и повреда на некои од основните начела на постапката, односно на начелото на конкуренција помеѓу економските оператори и начелото на стразмерност со намера на договорните

органи да фаворизираат само еден и единствен економски оператор за да тој го добие договорот за јавна набавка.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека по пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува од областа, а предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата на РСМ. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот служај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: П.Б.
Одобрил : Г.Т. , член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut